Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15, член 18 став 1 алинеја 22 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), член 39 став 1 алинеи 1 и 15 и член 15 став 1 алинеја 19 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, член 76-в став 1 и член 75-ѓ ставови 1 и 2 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 42/20), а во врска со член 7 од Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на 15 јули 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.160/20), согласно Заклучокот бр. 02-2563/3 од 19.06.2020 година, Советот на Агенцијата на својата 23 та седница одржана на 19.06.2020 година, донесе

# УПАТСТВО

## ЗА ЛИМИТИТЕ ЗА ПЛАТЕНО ПОЛИТИЧКО РЕКЛАМИРАЊЕ ЗА ИЗБОРИТЕ ВО 2020 ГОДИНА

1. Со ова Упатство се утврдува начинот на примена на член 75-ѓ ставови 1 и 2 од Изборниот законик, а во врска со член 7 од Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на 15 јули 2020 година, со цел на радиодифузерите да им се обезбедат јасни правила и правна сигурност при склучувањето на договорите и емитувањето платено политичко рекламирање, а на учесниците во изборниот процес рамноправен пристап и еднакви услови за користење на сите видови политичка пропаганда.

2. Во согласност со распределбата на времето за платено политичко рекламирање утврдена во член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, а во врска со член 7 од Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на 15 јули 2020 година, вкупно 14-те минути на реален час, учесниците во изборниот процес, ќе ги користат на следниов начин:

   – Во максимум 6-те минути наменети за двете најголеми политички партии од позицијата, кои на последните парламентарни избори освоиле најмногу гласови, ќе се емитува платеното политичко рекламирање на КОАЛИЦИЈА МОЖЕМЕ и на ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА - ДУИ;

   – Во максимум 6-те минути наменети за двете најголеми политички партии во опозиција, кои на последните парламентарни избори освоиле најмногу гласови, ќе се емитува платеното политичко рекламирање на ВМРО-ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈА „ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА“;

   – Во преостанатите две (2) минути наменети за политичките партии во Собранието на државата кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група и за политичките партии кои не се застапени во Собранието и за независни кандидати, ќе се емитува платеното политичко рекламирање на сите други учесници во изборниот процес: ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ – ДПА; ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДЕМОКРАТИ; ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ЛЕВИЦА; АЛИЈАНСА ЗА АЛБАНЦИТЕ И АЛТЕРНАТИВА; ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ГЛАС ЗА МАКЕДОНИЈА; ГРАЃАНСКО ДЕМОКРАТСКА УНИЈА – ГДУ; ИНТЕГРА-МАКЕДОНСКА КОНЗЕРВАТИВНА ПАРТИЈА; СДУ СКОПЈЕ; ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА; МОРО-РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА; НАРОДНА ПАРТИЈА НА РОМИТЕ; и ТВОЈА ПАРТИЈА.

3. За секој од учесниците во изборниот процес кои го користат времето наменето за платено политичко рекламирање на најголемите политички партии од позицијата (КОАЛИЦИЈА МОЖЕМЕ и

ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА–ДУИ) и од опозицијата (ВМРО-ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈА „ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА“), радиодифузерите може да одвојат најмногу по 6 минути за платено политичко рекламирање на реален час емитувана програма, при што за учесниците од позицијата, само во реалните часови во кои само еден од нив сака да закупи време за рекламирање.

4. Поради бројот на учесници во изборниот процес што го користат времето од вкупно 2 минути за платено политичко рекламирање на реален час, а за да им се обезбедат еднакви услови за пристап, за секој од овие учесници, радиодифузерите може да одвојат најмногу по 30 секунди или најмногу по 2 минути на реален час доколку не постои заинтересираност од други учесници, во три групи точно определени реални часови од денонокието, кои ќе ротираат за време на изборната кампања, според следниот распоред:

| **Учесници во изборниот процес што ќе го користат времето од вкупно 2 минути на реален час**<br><br>(групирани според редоследот од Листите со кандидати на ДИК) | **Периоди** од денонокието за емитување ППР<br><br>**Прв ден од кампањата** | **Периоди** од денонокието за емитување ППР<br><br>**Втор ден од кампањата** | **Периоди** од денонокието за емитување ППР<br><br>**Трет ден од кампањата** | **Времетраење на ППР** |
|---|---|---|---|---|
| **1. ДПА**<br>**2. ПП Демократи**<br>**4. ПП Левица**<br>**5. Алијанса за Албанците и Алтернатива** | **6-7 часот**<br>**9-10 часот**<br>**12-13 часот**<br>**15-16 часот**<br>**18-19 часот**<br>**21-22 часот** | **7-8 часот**<br>**10-11 часот**<br>**13-14 часот**<br>**16-17 часот**<br>**19-20 часот**<br>**22-23 часот** | **8-9 часот**<br>**11-12 часот**<br>**14-15 часот**<br>**17-18 часот**<br>**20-21 часот**<br>**23-24 часот** | За секој од овие учесници во изборниот процес,<br><br>**најмногу по 30 секунди** во определените реални часови<br><br>или **најмногу по 2 минути**, во определените реални часови, доколку не постои заинтересираност за рекламирање од другите учесници. |
| **6. ПП Глас за Македонија**<br>**7. ГДУ**<br>**8. Интегра**<br>**10. СДУ Скопје** | **7-8 часот**<br>**10-11 часот**<br>**13-14 часот**<br>**16-17 часот**<br>**19-20 часот**<br>**22-23 часот** | **8-9 часот**<br>**11-12 часот**<br>**14-15 часот**<br>**17-18 часот**<br>**20-21 часот**<br>**23-24 часот** | **6-7 часот**<br>**9-10 часот**<br>**12-13 часот**<br>**15-16 часот**<br>**18-19 часот**<br>**21-22 часот** | |
| **11. Единствена Македонија**<br>**12. МОРО – Работничка партија**<br>**13. Народна партија на Ромите**<br>**15. Твоја партија** | **8-9 часот**<br>**11-12 часот**<br>**14-15 часот**<br>**17-18 часот**<br>**20-21 часот**<br>**23-24 часот** | **6-7 часот**<br>**9-10 часот**<br>**12-13 часот**<br>**15-16 часот**<br>**18-19 часот**<br>**21-22 часот** | **7-8 часот**<br>**10-11 часот**<br>**13-14 часот**<br>**16-17 часот**<br>**19-20 часот**<br>**22-23 часот** | |

5. На секој од учесниците во изборниот процес што го користат времето од вкупно 2 минути за платено политичко рекламирање на реален час, радиодифузерите може да им понудат закуп на време и надвор од за нив определените реални часови од денонокието, доколку не постои заинтересираност за рекламирање од другите учесници. Притоа, не смее да се надминува лимитот од вкупно 2 минути на реален час.

6. Во согласност со член 75-ѓ став 2 од Изборниот законик, кога постои интерес од учесниците во изборниот процес, радиодифузерите може да понудат закуп на време за платено политичко рекламирање во два последователни реални часа во континуитет (на преод од еден во друг реален час), но притоа се должни да обезбедат дека спојувањето на рекламирањето, два пати по ред, нема да биде за ист учесник во изборниот процес, и да обезбедат наизменична застапеност на политичките партии од власт и опозиција.

7. Можност за закуп на време за платено политичко рекламирање во два последователни реални часа во континуитет, радиодифузерите се должни да им понудат и на учесниците во изборниот процес што го користат времето од вкупно 2 минути за платено политичко рекламирање на реален час, доколку не постои заинтересираност за рекламирање од другите учесници во определените реални часови од денонокието. Притоа се должни да обезбедат дека спојувањето на рекламирањето, два пати по ред, нема да биде за ист учесник во изборниот процес.

8. Ова Упатство влегува во сила со денот на донесување, и ќе биде објавено на веб сајтот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Со влегувањето во сила на ова Упатство престанува да важи Упатството бр. 01-2545/1 од 15.06.2020 година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Бр.** 01-2604/1

19.06**.2020 година**

**Скопје**